Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖБ…

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Недела, 4 мај 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 24 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 1,50 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**397.**

Врз основа на член 328 став 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 4 мај 1980 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Со престанувањето на функцијата Претседател на Републиката функцијата претседател на Претседателството на СФРЈ, согласно со Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ја презема Лазар Колишевски, досегашен потпретседател на Претседателството на СФРЈ.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

Бр. 0-6
4 мај 1980 година
Белград

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

398.

Врз основа на член 327 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата од 4 мај 1980 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Цвиетин Мијатовиќ, член на Претседателството од СР Босна и Херцеговина.

Бр. 0-7
4 мај 1980 година
Белград

**Претседателство**

**на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

Претседател,
**Лазар Колишевски,** с. р.

399.

Изразувајќи ги чувствата на тага и болка на сите народи и народности, на работничката класа, на работните луѓе и на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија по повод смртта на другарот Јосип Броз Тито, водач и херој на нашата народноослободителна борба, социјалистичка револуција и социјалистичка изградба, стратег на сите наши победи и во војната и во мирот, великан на борбата за остварување на историските цели на работничката класа, за слобода и независност на нашата земја, за рамноправност и нераскинливо братство и единство на нашите народи и народности, за социјалистичкото самоуправување, за човекова среќа и добро, за хумани односи меѓу луѓето, градител на политиката и движењето на неврзаноста и непоколеблив борец за мир во светот — Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА СЕДУМДНЕВНА ОПШТОНАРОДНА ЖАЛОСТ

1. По повод смртта на Претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседател на Сојузот на комунистите на Југославија и Врховен командант на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Маршалот на Југославија, другарот Јосип Броз Тито, се прогласува седумдневна општонародна жалост во деновите од 4 мај до 10 мај 1980 година.

2. За време на општонародната жалост на сите државни и јавни згради ќе се истакнат знамиња на половина копје.

3. Во деновите на општонародната жалост се откажуваат сите јавни манифестации, културни, забавни, спортски и други приредби во земјата.

Е. п. бр. 185
4 мај 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

397. Одлука за преземање на функцијата претседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — — 849

398. Одлука за избор на потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 850

399. Одлука за седумдневна општонародна жалост — — — — — — — — — — — — — 851

**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**